# НАСТАВЕН ПЛАН

<table>
<tr><td colspan="3">1. Назив на единица/предмет/ модул</td><td colspan="4">ПСИХОЛОГИЈА ЗА НАСТАВНИЦИ</td></tr>
<tr><td>2. Шифра на единица</td><td colspan="2">...</td><td colspan="2">3. Број на ЕКТС</td><td colspan="2">7</td></tr>
<tr><td colspan="2">4. Наставни часови</td><td>Вкупно<br>90</td><td>П<br>45</td><td>В<br>30</td><td>С<br>15</td><td>Останати облици</td></tr>
<tr><td>5. Степен</td><td>1.</td><td>6. Година</td><td></td><td>7. Семестар</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>8. Студиска програма</td><td colspan="3">За двопредметните студиски поврзувања со математика, информатика, физика, хемија, биологија и домаќинство</td><td>9. Студиска насока</td><td colspan="2">-</td></tr>
<tr><td>10. Столб на програмата</td><td colspan="3">ТПШ – задолжителни</td><td>11. Јазик</td><td colspan="2">Словенечки</td></tr>
<tr><td>12. Карактеристики</td><td colspan="6">Делумно лабораториските вежби се одвиваат и во основното училиште</td></tr>
<tr><td colspan="7">13. Цели/ Компетентности<br>Наставната единица придонесува пред се́ кон развојот на следните општи и специфични компетентности:<br>- Познавање и разбирање на психолошките законитости и потреби на поединецот<br>- Организирање на активно и самостојно учење и подготовка на учениците за ефикасно учење<br>- Педагошко водење на класот и/или групата.<br>- Оспособување за проверка и оценување на знаењето и достигнувањата на учениците, како и формирање на feedback информации за училишната работа.<br>- Автономност, (само)критичност, (само)проценување, (само)евалвација и придонесување за квалитет.<br>- Комуникациски предности, соработка и тимска работа.</td></tr>
<tr><td colspan="7">14. Опис на содржината<br>Психологијата во образованието и педагошката работа на наставниците. Психолошките методи и техники. Поим за личноста. Законитости и фактори на развој, со акцент на периодот на пубертетот и адолесценцијата. Психомоторичен, личен и когнитивен развој. Поим за учење и фактори на успешно учење. Помнење и заборавање. Трансфер при учење. Стилови на учење. Навики на учење и стратегии. Конструктивен пристап кон учењето и предавањето. Креативност при наставата. Модерни дефинирања на интелигенцијата. Мотивација и начини на мотивирање. Климата во класот. Интеракцијата во класот. Водење на класот и одржување дисциплина. Проверка и оценување на знаењето. Личност и авторитет на наставникот. Субјективно дефинирање на знаењето, учењето и предавањето. Комуникација. Ученици со посебни потреби. Психолошка димензија на тимската работа во училиштето. Меѓупредметно тимско планирање. Feedback, негови облици и упатства. Евалвација при педагошката работа.</td></tr>
</table>

**15. Основна литература**

Batistič - Zorec, M. (2000). Теории во развојна психологија. Љубљана: Универзитет Љубљана, Педагошки факултет.
Krek, J., Cencič, M. (ured.) (2000). Проблеми на оценување и деветгодишното основно училиште. Љубљана: Педагошки факултет при Универзитетот Љубљана, ZRSŠ.
Marentič - Požarnik, B. (2000). Психологија на предавање и настава. Љубљана: DZS.
Marentič - Požarnik, B. (ured.) (2004). Конструктивност во училиште и образование на наставниците. Љубљана: Универзитет Љубљана, Филозофски факултет, Центар за педагошко образование (избрани поглавја)
Marjanovič - Umek, L.и Zupančič, M. (ured.) (2004). Развојна психологија. Љубљана: Научно-истражувачки институт при Филозофскиот факултет.
Razdevšek - Pučko, C. (1993). Интеракција на класот, факултетски материјал. Љубљана: Педагошки факултет при Универзитетот Љубљана.
Razdevšek - Pučko, C. (2002). Учење и мотивација, факултетски материјал. Љубљана: Педагошки факултет при Универзитетот Љубљана
Rose, C. и Goll, L. (1993). Уметност на учењето. Љубљана: Tangram.
Woolfolk, A. (2002). Педагошка психологија. Љубљана: Educy.

**16. Предвидени студиски достигнувања:** *знаење и разбирање, употреба, feedback, преносливи вештини - не се поврзани само со еден предмет*

Студент/студентка:
- ги познава и ги разбира законитостите и факторите за психомоторичен, личен и когнитивен развој и истите знае да ги употребува при планирањето педагошка работа со деца;
- го познава, го разбира и на различни подрачја го користи конструктивниот пристап на учење и предавање;
- ги знае поимите, видовите, факторите на успешното учење и начините на мотивирање и како истите да ги користи при планирање на сопственото учење и учењето на учениците;
- врз основа на познавањето на психолошките законитости, знае темелно да одбере различни воспитни и образовни пристапи при предавање и при решавање на проблемите во класот;
- знаењето за запазување на интеракцијата во класот знае да го искористи при набљудување, анализирање и рефлектирање на случувањата во класот;
- знае да планира и да користи различни начини на проверка и оценување на знаењето на учениците;
- критички размислува за педагошко-психолошките проблеми на работата во училиштето и развива повисоко ниво на субјективно познавање на учењето, знаењето и предавањето;
- знае тимски да планира, тимски да настапува пред група и да се вклучи во тимската работа.

**17. Методи на предавање и учење**

Предавања, семинарска работа, индивидуални и тимски разбирања, учење во соработка, тимска работа заклучно со тимскиот настап, лабораториски вежби, методи на запазување, метод за работа со текст, методи на писмени и усни разбирања, методи на писмени производи, работилници, играње на улоги, хоспитации и изведување на студиско-педагошката пракса (самостојно предавање), м. придружни и конечни проценки, методи на работа во двојки, методи на групни дискусии.

**18. Услови за вклучување во работа, односно за извршување на студиските обврски**

Запишана трета година на студиите, завршена и позитивно оценета семинарска работа, како и направени вежби (со додатни извештаи), се услов за положување на испитот.

| |
|---|
| **19. Методи на оценување и скала за оценување**<br>Писмен испит: нумерички оценки во согласност со Статутот на УЉ (50% од оценката), семинарска работа што содржи тимско формирање на тези и семинарско претставување, тимски настап пред групата и лично и тимско разбирање за избраните теми и процесот на работа (не/успешно направена - 20% од оценката), лабораториски вежби: активна работа со 80% присутност, со позитивно вреднување на производите при некои вежби (лично разбирање, индивидуален извештај за запазување на интеракцијата во класот, тимски извештај за вежбата, меѓупредметно тимско планирање- 30% од оценката). |
| **20. Методи за евалвација на квалитетот**<br>Придружна евалвација на студентите и самоевалвација |
| **21. Наставниот план го изготви:**<br>Носител на предметот: др. Цвета Раздевшек Пучко<br>Соработници: др. Аленка Полак, др. Мојца Јуришевич |